# ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ

**Сл. Весник на Р. Македонија бр.92/07 од 24.07.2007 год.**

**Член 1**

Во Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република македонија" број 61/2004), во членот 8 точките 5 и 8 се бришат.

Точките 6 и 7 стануваат точки 5 и 6, а точките 9, 10, 11 и 12 стануваат точки 7, 8, 9 и 10.

**Член 2**

Во членот 21 став 4 по зборот "цена" се додаваат зборовите: "по пат на јавно надавање или со непосредна спогодба, доколку по две последователно спроведени постапки на јавно надавање не е извршена продажба на недвижноста".

**Член 3**

По членот 85 се додава нова точка 11-а и нов член 85-а, кои гласат:

**"11-а Отпис на даночните обврски**

**Член 85-а**

На предлог на градоначалникот на општината, градоначалникот во општината во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје, советот на опшината, советите на општините на градот Скопје и Советот на градот Скопје, до крајот на годината можат да извршат траен отпис на даночните обврски што ги имаат во своите евиденции, доколку истекол рокот на застареност или висината на трошоците за наплата на даночната обврска значително ја надминала висината на ненаплатената обврска".

Член 4

Во насловот на ПЕТТИОТ ДЕЛ зборот "КАЗНЕНИ" се заменуваат со зборот "ПРЕКРШОЧНИ".

**Член 5**

Во членот 90 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

"Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за сторен пркршок ќе му се изрече на обврзникот на данокот – правни лице, ако:".

Ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

"За прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице кај правното лице ќе му се изрече глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност.

За прекршокот од ставот (1) на овој член на обврзникот на данокот физичкото лице ќе му се изрече глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност".

**Член 6**

Во членот 91 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

"Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок, ќе му се изрече на одговорното лице во државен орган или во суд, ако:".

**Член 7**

Членот 92 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за сторен прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во општинската администрација, во администрацијата на општините во градот Скопје, односно во администрацијата на градот Скопје ако не ја примени Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (член 5 став (3))".

**Член 8**

Членот 93 се брише.

**Член 9**

Членот 94 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на носителот на платниот промет ако постапи спротивно на членот 73 став (6) на овој закон.

За прекршокот од став (1) на овој член на одговорното лице кај носителот на платниот промет ќе му се изрече глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност".

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Весник на Република Македонија", а одредбата од членот 1 на овој закон ќе се применува од 1 јануари 2008 година.